Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Македонија
Факултет за природни и технички науки

University „Goce Delcev“, Stip, Macedonia
Faculty of Natural and Technical Sciences

UDC: 622:55:574:658

ISSN: 185-6966

# Природни ресурси и технологии
# Natural resources and technology

Број 9
No 9

Година IX
Volume IX

Ноември 2015
November 2105

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ

UDC 622:55:574:658 ISSN 185-6966

# Природни ресурси и технологии
# Natural resources and technology

## ноември 2015
## november 2015

ГОДИНА 9 VOLUME IX
БРОЈ 9 NO 9

UNIVERSITY "GOCE DELCEV" – STIP
FACULTY OF NATURAL AND TECHNICAL SCIENCES

# ПРИРОДНИ РЕСУРСИ И ТЕХНОЛОГИИ
# NATURAL RESOURCES AND TECHNOLOGY

**За издавачот:**
Проф. д-р Зоран Десподов

| Издавачки совет | Editorial board |
|---|---|
| Проф. д-р Блажо Боев | Prof. Blazo Boev, Ph.D |
| Проф. д-р Зоран Панов | Prof. Zoran Panov, Ph.D |
| Проф. д-р Борис Крстев | Prof. Boris Krstev, Ph.D |
| Проф. д-р Мирјана Голомеова | Prof. Mirjana Golomeova, Ph.D |
| Проф. д-р Благој Голомеов | Prof. Blagoj Golomeov, Ph.D |
| Проф. д-р Зоран Десподов | Prof. Zoran Despodov, Ph.D |
| Проф. д-р Дејан Мираковски | Prof. Dejan Mirakovski, Ph.D |
| Проф. д-р Кимет Фетаху | Prof. Kimet Fetahu, Ph.D |
| Проф. д-р Ѓорѓи Радулов | Prof. Gorgi Radulov, Ph.D |

| Редакциски одбор | Editorial staff |
|---|---|
| Проф. д-р Зоран Панов | Prof. Zoran Panov, Ph.D |
| Проф. д-р Борис Крстев | Prof. Boris Krstev, Ph.D |
| Проф. д-р Мирјана Голомеова | Prof. Mirjana Golomeova, Ph.D |
| Проф. д-р Благој Голомеов | Prof. Blagoj Golomeov, Ph.D |
| Проф. д-р Зоран Десподов | Prof. Zoran Despodov, Ph.D |
| Проф. д-р Дејан Мираковски | Prof. Dejan Mirakovski, Ph.D |

| Главен и одговорен уредник | Managing & Editor in chief |
|---|---|
| Проф. д-р Мирјана Голомеова | Prof. Mirjana Golomeova, Ph.D |

| Јазично уредување | Language editor |
|---|---|
| Даница Гавриловска-Атанасовска | Danica Gavrilovska-Atanasovska |
| (македонски јазик) | (macedonian language) |
| **Техничко уредување** | **Technical editor** |
| Славе Димитров | Slave Dimitrov |
| Благој Михов | Blagoj Mihov |

| Редакција и администрација | Address of the editorial office |
|---|---|
| Универзитет „Гоце Делчев” - Штип | Goce Delcev University - Stip |
| Факултет за природни и технички науки | Faculty of Natural and Technical Sciences |
| ул. „Гоце Делчев“ 89, Штип | Goce Delcev 89, Stip |
| Р. Македонија | R. Macedonia |

## СОДРЖИНА

**Радмила Каранакова Стефановска, Зоран Панов, Ристо Поповски**
ПОДЗЕМНА ГАСИФИКАЦИЈА НА ЈАГЛЕН КАКО АЛТЕРНАТИВНА, ЕКОНОМИЧНА И ОСТВАРЛИВА ТЕХНОЛОГИЈА ........ 7

**Стојанче Мијалковски, Зоран Десподов, Дејан Мираковски, Николинка Донева, Ванчо Аџиски**
ИСКОРИСТУВАЊЕ И ОСИРОМАШУВАЊЕ НА РУДАТА КАЈ РУДАРСКИТЕ ОТКОПНИ МЕТОДИ ........ 19

**Ванчо Аџиски, Дејан.Мираковски, Зоран Десподов, Стојанче Мијалковски**
МОДЕЛИРАЊЕ НА ПОЖАРНИ СЦЕНАРИЈА ВО РУДНИЦИТЕ ЗА ПОДЗЕМНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА ........ 29

**Благој Голомеов, Мирјана Голомеова, Афродита Зенделска**
ОСКУЛТАЦИЈА НА ДРЕНАЖНИОТ СИСТЕМ И СИСТЕМОТ НА ЦИКЛОНИРАЊЕ НА ХИДРОЈАЛОВИШТЕТО НА РУДНИК САСА - М. КАМЕНИЦА ........ 49

**Ivan Boev, Blazo Boev**
THE CRVEN DOL ARSENIC-THALIUM MINERALIZATION IN ALSAR DEPOST IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA ........ 59

**Орце Спасовски, Даниел Спасовски**
ПЕТРОГРАФСКО- МИНЕРАЛОШКИ И КВАЛИТАТИВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МЕРМЕРИТЕ ОД НАОЃАЛИШТЕТО ЛЕКОВО ........ 77

**Војо Мирчовски, Ѓорги Димов,Тена Шијакова Иванова, Благица Донева, Ласте Ивановски**
ХИДРОГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ПОДЗЕМНА ВОДА ВО СЕЛО К'ШАЊЕ ОПШТИНА КУМАНОВО, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 89

**Горан Славковски, Благој Делипетрев, Благица Донева, Зоран Тошиќ, Марјан Бошков**
ГЕОФИЗИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ГЕОЛОШКИ КОМПЛЕКС СО МЕТОДА НА ГЕОЕЛЕКТРИЧНО СОНДИРАЊЕ ........ 101

**Горан Алексовски, Марјан Делипетрев, Владимир Маневски, Горан Славковски, Зоран Тошиќ**
ИСТРАЖУВАЊЕ СО МЕТОДА НА СЕИЗМИЧКА РЕФЛЕКСИЈА ........ 113

**Зоран Тошиќ, Благој Делипетрев, Марјан Делипетрев, Марјан Бошков, Трајан Шолдов**
КОМПЛЕКСНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА ПОМЕЃУ СЕИЗМИЧКА РЕФРАКЦИЈА И ГЕОЕЛЕКТРИЧНО СОНДИРАЊЕ ........ 123

**Трајан Шолдов, Марјан Делипетрев, Владимир Маневски, Горан Славковски, Горан Алексовски**
КОРЕЛАЦИЈА ПОМЕЃУ ГЕОЕЛЕКТРИЧНО СОНДИАРЊЕ И КАРТИРАЊЕ ПРИ ДЕФИНИРАЊЕ НА ГЕОМЕХАНИЧКИ ПАРАМЕТРИ ........ 133

**Марјан Бошков, Крсто Блажев, Благој Делипетрев, Трајан Шолдов, Горан Алексовски**
СЕИЗМИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ГЕОЛОШКА СРЕДИНА СО РЕФРАКЦИОНА МЕТОДА ........ 143

**Благица Донева, Ѓорги Димов**
СЕИЗМИЧНОСТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 155

**Tena Sijakova-Ivanova, Blazo Boev, Vesna Zajkova-Paneva, Vojo Mircovski**
CHEMICAL CHARACTERISTICS OF SOME DRINKING WATERS FROM EASTERN AND SOUTH-EASTERN MACEDONIA ........ 165

**Мирјана Голомеова, Афродита Зенделска, Благој Голомеов, Борис Крстев, Шабан Јакупи**
ПРИМЕНА НА ОПАЛИЗИРАН ТУФ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ОД РАСТВОР ........ 179

**Ivan Boev**
SCANNING ELECTRON MICROSCOPY STUDIES OF PARTICLES (PM-10) FROM THE TOWN OF KAVADARCI AND VILAGE VOZARCI , REPUBLIC OF MACEDONIA ........ 187

**Лидија Атанасовска, Дејан Мираковски, Марија Хаџи-Николова, Николинка Донева, Стојне Стоиловски**
ПЕРСОНАЛНА ИЗЛОЖЕНОСТ НА ГАСОВИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО МЕТАЛУРГИЈАТА ........ 197

**Дејан Ангеловски, Дејан Мираковски,**
**Марија Хаџи-Николова, Николинка Донева**
ТЕХНИКИ НА МОНИТОРИНГ НА ИЗЛОЖЕНОСТ НА
ГАСОВИ НА ОТВОРЕН ПРОСТОР ВО УРБАНА СРЕДИНА ........................213

**Агрон Алили, Борис Крстев, Софче Трајкова, Зоран**
**Стоилов, Александар Крстев, Горан Стаменов**
ОТПАДНАТА БИОМАСА КАКО НОВ ИЗВОР ЗА
ТОПЛИНСКА МОЌ – МОЖНОСТИ И ПЕРСПЕКТИВИ ...............................233

**Анита Андреевска Митровска, Мирјана Голомеова**
КОНТРОЛА НА МИРИЗБИ ОД ОТПАДНИ ВОДИ ........................................245

**Анита Андреевска Митровска, Мирјана Голомеова,**
**Даниела Нелепа**
БЕЗБЕДНОСНИ АСПЕКТИ ОД УПРАВУВАЊЕ
СО КОНВЕНЦИОНАЛНА ПОСТРОЈКА ЗА ТРЕТМАН
НА ОТПАДНИ ВОДИ, СОГЛАСНО ЗАКОНСКА
РЕГУЛАТИВА ВО Р. МАКЕДОНИЈА ..............................................................263

**Agron Alili, Boris Krstev, Aleksandar Krstev, Goran**
**Stamenov, Zoran Stoilov**
THE HAZARDOUS MEDICAL WASTE – TREATMENT
TECHNOLOGIES, LOCATION AND ORIGIN ................................................ 279

**Кире Колев**
АНАЛИЗА И БЕНЕФИЦИИ ВО МЕНАЏМЕНТОТ НА
СНАБДУВАЧКИ СИНЏИРИ ВО ИНДУСТРИЈАТА ЗА
ТЕКСТИЛ ......................................................................................................... 285

**Кире Колев, Мише Милановски**
RFID ТАГИРАЊЕ НА ПРОДУКТИ ВО ТЕКСТИЛНАТА
ИНДУСТРИЈА ................................................................................................. 293

**Мише Милановски, Марјан Ивановски,**
**Александар Крстев**
СЛЕДЕЊЕ НА ПРАТКИ СО **RFID** И **GPS** ....................................................... 301

**Марјан Ивановски, Зоран Десподов, Борис Крстев, Мише**
**Милановски, Александар Крстев**
ЛОГИСТИКА НА ПАТНИЦИ НА ДОМАШНИ
АЕРОДРОМИ ................................................................................................... 313

**Петар Намичев, Екатерина Намичева**
ОБЛИКУВАЊЕ НА ЕНТЕРИЕРОТ НА ГРАДСКАТА
КУЌА ОД 19 ВЕК ВО МАКЕДОНИЈА ........ 329

**Петар Намичев, Екатерина Намичева**
ДЕКОРАТИВНИ МОТИВИ ВО ЕНТЕРИЕРОТ НА
ГРАДСКАТА КУЌА ОД 19 ВЕК ВО МАКЕДОНИЈА ........ 343

**Васка Сандева, Катерина Деспот**
БОЈАТА КАКО НОСИТЕЛ НА ЕМОЦИИ И КАКО
ГРАДИВЕН ЕЛЕМЕНТ ВО ДИЗАЈНОТ ........ 357

**Катерина Деспот, Васка Сандева**
ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН ВО СОВРЕМЕНО ДОМУВАЊЕ
НА СКАНДИНАВСКИ МОДЕРНИЗАМ ........ 367

**Стојне Стоиловски, Зоран Панов, Дејан Мираковски**
ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТАНДАРДОТ ЗА
БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА OHSAS
18001:2007 СО ПРЕСМЕТКА НА РИЗИК НА РАБОТНО
МЕСТО РАКУВАЧ СО ДИЗЕЛ УТОВАРИВАЧ ВО ЈАМА
ВО РУДНИК „САСА" ........ 377

**Борче Везенков, Благој Голомеов,**
**Зоран Панов, Александар Ресавски**
КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА ЦВРСТИОТ КОМУНАЛЕН
ОТПАД ........ 389

**Александар Ресавски, Благој Голомеов, Борче Везенков**
МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИИТЕ ОД
СТАКЛЕНИЧКИ ГАСОВИ ВО МАКЕДОНИЈА ОД
УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД ........ 401

**Блажо Боев**
Project Proposal:
Geological Heritage of the Republic of Macedonia as a
Chalenge for the Development of Geoparks ........ 409

UDC: 72.03(497.731)"19/20"
Стручен труд

# ОБЛИКУВАЊЕ НА ЕНТЕРИЕР НА ГРАДСКА КУЌА ОД 19 ВЕК ВО МАКЕДОНИЈА

**Петар Намичев[1], Екатерина Намичева[2]**

[1]Факултет за природни и технички науки,
Универзитет „Гоце Делчев", Штип
petar.namicev@ugd.edu.mk
[2]Политехнички универзитет во Милано,
Италија, студент на постдипломски студии
kate_nami@gmail.com

**Апстракт**

Традиционалната архитектура на градот во 19 век во Македонија содржи одредени естетски вредности, каде што значајно место зазема обликувањето на ентериерот. Елементите на ентериерот се вградуваат во завршниот процес на градење, при финалното обликување на внатрешниот изглед на просториите. Вообичаено се вградуваат одредени елементи кои се претходно подготвени за да се добие проектирана композиција. Елементите во ентериерот се мусандрите, долапите, таваните, рафтовите, оградите, внатрешните врати и други елементи кои се дел од декорацијата во ентериерот. Во декорацијата на ентериерот влијае занаетчиската умешност на мајсторските тајфи и резбарите, кои работеле на територијата на целиот Балкан и на тој начин ги пренесувале влијанијата во декоративната композиција и структурата на уредување во ентериерот од  другите региони. Притоа се применувала различна техника на обработка и избор на материјалите за различни елементи, со вообичаена методологија на формирање на декоративната структура на елементите. Во ентериерот се применувале  вообичаени модели на декоративна ускладеност на уметничкиот израз на еден објект или се практикувале одредени декоративни мотиви, кои станале задолжителни и вообичаени мотиви во стандардизирана метода на изработка.

**Клучни зборови**: *резба, декорација, дрво, ентериер, простор, модел.*

# SHAPING THE INTERIOR OF CITY HOUSE FROM 19$^{TH}$ CENTURY IN MACEDONIA

**Petar Namicev[1], Ekaterina Namiceva[2]**

[1]Faculty of Natural and Technical Sciences,
„Goce Delcev" University, Stip, Macedonia
petar.namicev@ugd.edu.mk
[2]Master student on Architecture at Polytechnic
University of Milan, Italy
kate_nami@gmail.com

**Abstract**

The traditional architecture of the city in the 19th century in Macedonia contains certain aesthetic values, which occupies a significant place shaping the interior. The elements of the interior are incorporated in the final process of building, in the final shaping of the internal layout of the premises. Typically incorporating certain elements previously prepared to a composition designed. The elements in the interior are *musandras*, cupboards, ceilings, shelves, handrails, internal doors, and other elements that are part of the interior decoration. In the decoration of the interior affects the craft skills of the master groups are founded and carvers who worked on the territory of the Balkans, and thus transporting impacts decorative composition and structure of the arrangement in the interior of other regions. The other technique was applicable to the processing and selection of materials for the various elements of the common methodology of forming the structure of the decorative elements. The interior is applied common models of decorative harmony of artistic expression of an object or practiced some decorative motifs, which have become compulsory and common motifs in a standardized method of preparation.

**Keywords:** *carving, decoration, wood, interior, space, pattern.*

## 1. Вовед

Традиционалната архитектура во Македонија претставува значаен дел од националното градителско наследство. Градската куќа од 19 век според својата конструктивна концепција се надоврзува на примената на естетско-декоративните детали на фасадата, содржи одреден логичен континуитет и во однос на обликувањето на внатрешниот простор. Според целосниот концепт на градбата, како во конструктивниот систем,

надворешното обликување и во ентериерот се применува истиот градежен материјал, како надоврзување на народната традиција при градењето и во начинот на користењето на просторот. Обликувањето на ентериерот ги изразува сите највисоки вредности на занаетчиите, кои се стремеле да постигнат одредена уметничка форма, преку примената на елементи на декорација.

Во 19 век со развој на занаетчиството и чаршијата како просторно-економски комплекс од каде што се развивале градовите се создаваат услови за развој на уметничките дела преку влијанието од европеизацијата на современиот живот. Особено тоа било изразено при трансформацијата на градежно-уметничките структури на станбените објекти, каде што ентериерот се приспособувал кон стилот на декорацијата. Во овој период работеле мајстори од странство и локални занаетчии, кои стекнувале вештини на занаетот во странски школи, како созреани уметници, архитекти, занаетчии и сл.

**2.Елементи на декорација во ентериерот**

Иако ентериерот на македонската куќа претставува просторна целина од елементи со различен концепт на предходно формирани сегменти, сепак може да се одреди начелна класификација на елементите. Елементите можат да се класифицираат според намената, формата, материјалот и стилската застапеност. Од составните елементи во ентериерот можеме да издвоиме одредени типолошки карактеристики на елементите.

*Мусандрите* претставуваат доминантни елементи во ентериерот, каде што нивото на применетата декорација е најзастапена. Примарно е задоволена примарната функција за складирање на покуќнинските предмети, каде што волуменот на просторот е рационално искористен во целата височина на елементите. Мусандрите се поставуваат во одаите, каде што се вклопуваат со останатите елементи од ентериерот (врата, долап, рафт и сл.).




***Слика1.* Основа, изглед и пресек на мусандри од куќи во Прилеп, 19 век**
***Figure 1.* View of the cupboards from interior of houses from Prilep, 19th century**

*Таваните* се претходно подготвени детално изработени декоративни елементи од дрво, кои се прецизно вклопени во една заедничка композиција. Елементите се поставуваат на неколку нивоа, во зависност од подготвената шема и распоредот на поставување. Таваните се поставуваат во одаите и чардакот, кои се богато декорирани и се надоврзуваат на декорацијата на другите декоративни елементи во истиот простор (со мусандрите, рафтовите, прозорците и сл.).

*Долапите* се најчесто применуван вграден елемент во конструкцијата на ѕидот од камен. На челната страна од отворот се формира рамка од дрвени лајсни, која го регулира подвижното крило-врата. Најчесто дрвеното крило е конструирано од претходно обработени и декорирани парчиња, кои се вклопени со споеви во една целина. Долапите се поставуваат најчесто во непосредна близина на огниште, од двете страни во симетрична положба.

*Вратите* претставуваат дел од систем на декоративни елементи, кои содржат геометриски форми на надворешната површина (вратите). Покрај нивната елементарна функција за затворање на отворите, тие придонесуваат кон обликувањето на внатрешниот простор.




***Слика 2*. Изглед на внатрешни врати со геометриска декорација од Прилеп, Ресен, 19 век**
***Figure 2*. View of the interior doors with geometric decoration from Prilep, Resen, 19th century**

*Оградите* и другите елементи кои формираат одредени прегради во просторот се формирани од претходно подготвени елементи со декоративна и стилизирана форма. Одредена декорација од профилирани штици или токарени елементи се повторува со одреден ритам и композиција.

*Прозорците* се вклопени во конструктивната рамка од бондрук, каде што од внатрешната страна се поставува украсна штица, на линијата на рамката на прозорецот, вклопена со другите прозорци.

Наведените елементи со своите конструктивно-декоративни карактеристики формираат една складна целина, со одредени мотиви кои можат да се повторуваат и складно се потенцирани на одредени места.

### 3.Техники на обработка на елементите

Според значењето на елементот во просторот и традицијата на изработка на декоративните елементи може да се констатира одредена применета традиционална техника на обработка.

Елементите во ентериерот можат да се поделат во неколку групи според применетиот материјал. Во внатрешната декорација најчесто се применува суво обработено дрво, штуко декорација или со комбинирање на двете техники.

Најчесто дрвото се применувало за изработка на елементите кои формирале функционални парчиња, внатрешни врати, врати од долапи и мусандри, обложување на таванските површини, огради, изработка на

украсни рамки за прозорци и сл. Во оваа група спаѓаат елементи кои се изработувале исклучиво од претходно подготвено дрво, според создадена занаетчиска методологија на изработка.

*Комбинирани елементи* според примената на различни материјали се применувале во состав на мусандрите или дел од таванските површини кои се изработувале од премачкани рамни или закривени површини, во комбинација со дрвените елементи со правилна или закривена стилизирана форма.

*Рамните тавани* со штуко декорација без примена на дрвени елементи поретко се применувале. Најчесто обложувањето на мусандрите и долапите, и другите полици делумно се решавале со премази, единствено при вградувањето долапот во конструкција од камен ѕид, каде што внатрешниот дел се обложувал со рамни слоеви од намази (Дебар, Велес).

Според *техниката на обработка* на дрвените елементи и нивното меѓусебно поврзување констатираме одреден интензитет на применета декорација во различни простории на куќата.

*Таваните* претставуваат декоративни композиции со сложен метод на подготовка, составување и вградување (монтажа) во просторијата. За нивна реализација потребна е детална подготовка на димензиите, според просторот, односно таванската конструкција каде што се вградуваат. Според применетата декорација можат да се дефинираат неколку најзастапени модели. Примената на геометриската декорација е најзастапена, во сите делови на таванските елементи, на аголните елементи, средишната површина, одредени подлоги за поставување на колцето (розетата), како и на граничните површини на рамката, на линијата на допирот со ѕидовите. Резбата се применува на одредени парчиња кои се најистакнати во однос на другиот дел од таванската површина. Резбата според занаетчиската обработка може да биде плитка, полувкопана и поткопана техника на резба (Дебар, Скопје, Тетово).




***Слика 3.*** **Изглед на таван со применета геометриска декорација, Прилеп, Ресен, 19 век**
***Figure 3.*** **Appearance of geometric ceiling with applied decoration, Prilep, Resen, 19th century**

*Мусандрите* се карактеризираат со слични техники на изработка како внатрешните врати, со геометриска декорација, а поретко со одредени парчиња изработени во резба. Парчињата кои се поврзуваат за добивање на подвижните крила претходно се подготвени и составени со одредени мерки за да се вклопат во рамката која е поставен во одредена композиција со другите елементи во ентериерот. *Вратите* поради големата сопствена тежина се изработуваат со дрво со изразена дебелина на рамката, додека средишните полиња се исполнети со профилирани елементи од дрвени штици, со геометриска профилација, а многу ретко со парчиња од плитка резба (Штип, Скопје, Дебар). Најчесто декорацијата на вратите се надополнува како стилски модел на начинот и природата на украсувањето на таванот. Притоа најзастапени биле столарските подготовки на изработка и вклопување на елементите со поединечни делови во резба, како и дрворезбарски парчиња.

*Фризови, рафтови* и други елементи кои се дополнителен декор во основната линија на декорацијата во ентериерот имаат поедноставена стилизирана декорација. Тие се поставуваат на висина на дофат на раката на човекот во исправена положба, во линија на ѕидовите на просторијата. Рафтовите се декорирани со профилирана штица која се поставува хоризонтално, а декорацијата е на надворешниот раб.




*Слика 4.* **Изглед на мусандри со применета геометриска декорација, Ресен, 19 век**
*Figure 4.* **View of cupboards- *musandra*, with applied geometric decoration, Resen, 19th century**

## 4. Резбарските тајфи и резбарите

При анализата на влијанието во формирањето на применетиот систем на декорација и пренесувањето на одредени решенија и мотиви, клучна улога имаат градителските и резбарските тајфи кои работеле на територијата на Балканот. Градителските тајфи кои биле мешовити, составени од мајстори за ѕидање, дограмаџии, резбари и сл. владееле со повеќе различни занаети. Во периодот кога работеле на црквите, што се однесува на обемна работа во долг временски период, во околината повремено работеле и на градбите од станбен карактер. На тој начин одредени влијанија биле пренесувани, особено во стилот и нивото на декорација на ентериерот, во одаите, чардаците, просториите за прием.

При анализата на градителските тајфи кои работеле како мешовити или специјализирани тајфи, потребно е да се одреди местото и учеството на резбарско зографските школи во изработката на декорацијата на станбените објекти. Во состав на градителските тајфи постоеле одредени занаетчии - мајстори кои биле вешти во обликувањето на елементи од ентериерот до одреден степен на декорација, најчесто дограмаџиите, дунѕертите. На одредени објекти учествувале специјализирани резбарско

декоратерски тајфи, кога работеле на објекти со поголем опфат на работа во украсувањето.

Најпознати биле разбарските и градителски тајфи од Раканскиот крај и од Дебарскиот крај од каде што оделе на печалба и занаетот го практикувале низ повеќе генерации во едно семејство. Градителите од овој регион работеле на територијата на Балканот, како и во градовите во 19 век во Дебар, Струга, Штип, Тетово Гостивар, Охрид, Прилеп, на голем број на беговски конаци и станбени објекти. Големината и интензитетот на нивната дејност создала форма на движење и пренесување на занаетот, во т.н. *дебарска школа*, од каде што потекнувале голем број на тајфи. Тајфите од Велешко (Папрадиште) работеле во Скопје, Крива Паланка, Штипско, голем број украсувања на куќите во Велес. Тајфите од Битолскиот и Прилепскиот регион работеле најчесто во Крушево, Штип, Радовиш, Охрид и др. Познати биле тајфите и градителите од Крива Паланка и Кратово, каде што ѕидарството го владееле голем број од населението, а работеле во источниот дел на Македонија (Струмица, Кочани, Берово и сл.). Сето ова говори за градителскиот потенцијал на населението од овие простори, кои можеле да ги спојат искуствата од работа на печалба со локалниот начин на градење, кои придонеле кон инвентивноста на градителскиот и декоративниот занает изразен на станбените објекти во македонските градови од 19 век.

## 5. Влијанието на декорацијата во ентериерот во естетските и градителско-уметнички вредности на куќата

Конструктивниот систем на масивен ѕид и бондручниот систем претставува основна конструктивна и просторна рамка, од која започнува обликувањето на просторот и волуменот на традиционалната станбена архитектура. Локалниот начин на примена и третирање на материјалите од околината претставуваат применлив концепт кој се практикувал неколку векови station наназад. Преку тоа се дефинирал просторот со конкретна намена за работа, одмор, складирање или како комбиниран мултифункционален простор. Притоа се дефинирал начинот на искористување на ритамот на конструктивните носечки древни греди, покрај вметнувањето на отворите (прозорци и врати) и за вклопување на дрвени елементи, односно вграден мебел. Со ваквиот пристап просторот во ентериерот рационално се искористувал и бил приспособен на практичните човекови потреби.

При анализата на различните декоративни пристапи за поединечните елементи во обликувањето на покуќнинските вградени детали можеме да заклучиме дека е изедначена стилската карактеристика при декорирањето. На тој начин се комплетира еден здрав техничко-конструктивен концепт

на конструкцијата и изборот на материјалите, со уметничкиот естетско-ликовен пристап на завршната фаза во обликувањето на ентериерот. Тоа говори за сублимирање на архитектонскиот и занаетчискиот модел, кој бил на располагање од страна на градителите и мајсторите, со локален пристап во обликувањето на елементите.

Во доменот на одредување на стилскиот концепт на поединечните елементи, но и на целината од декоративен аспект, во ентериерот се надополнуваат одредени вредности на формата. Занаетчиите (резбари, дограмаџии, градители и сл.) работеле на формирање на издржана стилски декоративна линија, како и на поединечните елементи, отвори, рамки од декоративни полиња, одредени просторни декорирани површини од мусандрите, долапите, вратите, постојано ги вклопувале во една заедничка декоративна стилска композиција на ентериерот како целина. Иако се применувале различни стилизирани елементи на декорацијата, постојано се водела сметка за нивна приспособливост кон основниот концепт на декорација, притоа да не се отскокнува од вообичаените модели на применувани елементи кои носат одредени локални нормативи и сфаќања во однос на местоположбата, димензиите и големината, како и интензитетот на применети декоративни мотиви. Според овие различности во пристапот се создавала одредена стилска и декоративна разновидност на декоративната композиција на елементите во ентериерот на градската куќа од 19 век во Македонија.

## 6. Валоризација на декорацијата во рамките на другите балкански земји

Ентриерното уредување на македонската куќа може да се разгледува во два различни просторни концепти, кои зависат од концептот на семејството, односно кај православното и муслиманското население. Православното население може да си дозволи степен на декорација на ентериерот според своите скромни економски можности. Затоа се декорираат одредени елементи единствено во репрезентативните одаи, кои биле во функција на пречекување на гости, за одредени семејни и верски празници. Додека кај муслиманското население, според применетиот просторен концепт, кој се состои на одредена приспособена варијанта од беговските конаци, каде што имаме издвоени просторни целини на харемлак и селамлак, сличен концепт приспособен кај просторниот концепт на градската куќа од македонските градови во 19 век. Тоа е најизразено во Дебар, Тетово, Гостивар, Скопје и др. Градови каде што муслиманското население било побројно за разлика од другите помали градски центри. Притоа и декорацијата во просториите имаат повисоко

ниво на примена на декоративни елементи. Декорацијата во овие градби била пренесувана од турските градови (куќи) преку готови шаблони или одредени декоративни елементи, со поскромна содржина и застапеност. Во овој период доминираат сараите на беговите кои биле градени надвор од урбаните густи јадра, каде што декорацијата станала мерило, според што се воделе декоратерите во средно имотната куќа на христијанското население во градовите. Внатрешноста на овие сараи била украсувана со обемна декорација, со геомеометриска орнаментика во плитка пластика, со апликации во резба.

Просторот на Балканот содржи сличности во поглед на обликувањето на традиционалната архитектура, каде што притоа се пренесуваат одредени влијанија и во декорацијата на ентериерот. Забележителна е сличноста на постоење на мотиви од флоралната и гометриската декорација кои се забележани во повеќе различни средини. Одредени влијанија се забележани и во однос на изборот на функционалните просторни решенија на вградените елементи или во поскромни димензии, а со применет сличен стил на распоредување на елементите. Декорацијата на куќата во турските градови од истиот период содржи обилна декорација и густа застапеност, особено во одаите и просториите на горните катови. Овој начин на примена на отвори (прозорци) во две линии, како и примена на декоративни опшиви од внатрешната и надворешната страна, е застапен кај поголемите куќи. Овој начин на декорација се пренесувала од градовите во Турција, на сите територии каде што владеела Отоманската Империја, во Бугарија, Грција, Србија, Босна и сл. Богата декорација е застапена во станбените простори на територијата на Турција, Бугарија, Грција, додека со поскромни обработени елементи се опремени куќите во Албанија, Македонија и Србија. Треба да се спомене и влијанието на стилот на дебарската школа, според одредени согледувања  и сличностите кои се појавуваат, преку примената на слични мотиви и елементи во декорацијата, во земјите каде што владеела Отоманската Империја (во 19 век) се пренесувале елементи од ориентално-балканско потекло, каде што декоратерите од овој регион работеле на печалба (Албанија, Грција, Србија, Бугарија).

**Заклучок**

Според наведените анализи можеме да согледаме одредени заклучни размислувања кои се однесуваат на:

– Сличност во примената на декоративни мотиви

Примената на мотивите кои се изведени од органски форми со стилизирање на основната форма се доведени до ниво на модел кој често се повторувал. Тоа се однесува на мотивите со цветни форми, како

централен мотив и додатната декорација со стилизирани растителни мотиви, кои заедно формираат заедничка композиција на целата површина. Усогласеноста на мотивите и нивна категоризација според формата, намената и местото во композицијата покажува постоење на одреден метод на работа, со занаетчиска постапка од страна на декоратерите (резбарите), што има своја логика на реализирање на креативни декоративни решенија.

– Слични композиции на конструктивниот систем на обликување на елементите (врати, долапи)

При обликувањето на елементите во ентериерот (врати, мусандри, долапи, тавани) од различен тип се применувале слични декоративни модели на површините кои биле видливи. Примената на ист декоративен модел се практикувала заради изедначување на стилската композиција и за добивање на компактен изедначен модуларен концепт на сите елементи. Примената на повторување на ист мотив на различни елементи во ентериерот не била задолжителна, но често се практикувала од причина на поедноставување на постапката на примена на декоративен модел со повторување на истиот.

– Сличност во примената на видот на дрвото за одредена намена во декорацијата

При изведувањето на декоративните елементи се применува дрво кое според своите карактеристики се обработува на одреден начин, со методологија за негово сушење и полесно нанесување на декоративната шема и реализирање на бараниот дизајн. Притоа кај подвижните елементи се применува дрво со поголема цврстина, заради карактеристиките на носивост (ореово дрво). Додека за фиксните вградени елементи се практикува дрво кое има карактеристики на помала сопствена тежина (липово, чамово, крушово и сл.).

– Декорацијата како завршна фаза во целиот процес на градба

Во целиот процес на реализација на градбата, од нејзиното конструктивно поставување, преку оформување на отворите, завршните облоги, внатрешната декорација се надоврзува на формираниот систем, кој во сите фази запазува одреден пристап на доследна занаетчиска постапка, која води сметка за визуелниот-дизајнерски аспект на просторот и ефектите кои се рефлектираат врз човековите импресии.

– Декорација со високо уметничко ниво

Декорацијата која е применета на украсувањето на елементите кои го формираат ентериерот во македонската куќа претставува оригинална уметничка форма која произлегла од начинот на примена на елементи на декорирањето на куќата од регионот на Медитеранот. Влијанието е изразено според структурата на декорацијата, начинот на нејзина

примена, на елементи кои се изведени на ист принцип на формирање на композицијата. Декорацијата како уметнички чин се појавува во завршната фаза на обликување на просторот, со што е овозможено да се примени одреден принцип на структурирање според веќе заснован модел или да се создаде можност за дополнителна креативна дизајнерско - занаетчиска линија, која се надоврзува на веќе постоечката.

Декорацијата на ентериерот на станбената архитектура во Македонија содржи хронолошка рамка на развојна линија во сите фази, каде најинтензивна е во 19 век, за да потоа опадне во почетокот на 20 век. Линијата на развој се движи во согласност со развојот на уметничките занаети од средновековниот период, кој се приспособил на потребите во османлискиот период, каде што дрвото било најчесто применуван материјал во декорацијата на ентериерот. Според условите на влијанија во формирањето на просторниот концепт на градот и станбените објекти, од етничките групи, каде што се доминантни културните и етнички влијанија, тие активно учествувале во обликувањето на декорацијата на моделот на балканско-ориенталната куќа. Македонската куќа успеала да ги усогласи сите фактори на локалната градителска традиција, природното опкружување, културно-економските состојби, особено во доменот на декорацијата на ентериерот, слично како во другите балкански земји.

**Користена литература:**

[1] Алексиевска Х.Ј. (1984) *Ликовни и обликовни вредности на народната архитектура како резултат на практичната градителска постапка*, Зборник на АФ, 7, Скопје, 53-61, зборник.
[2] Алексиевска Х.Ј. (1985) *Мерки, антропоморфност и модуларни пропорции кај старата македонска куќа*, Студентски збор, Скопје, монографија.
[3] Волињец Р. (1979) *Ентериерот во старата македонска куќа*, Зборник АФ, „Св. Кирил и Методиј“, 3, Скопје, 76-105, зборник.
[4] Војињец Р, Алексиевска Ј. (1983) *Функционално - обликовната концепција во архитектурата во старата тетовска куќа*, Зборник на АФ, бр.6, Скопје, зборник.
[5] Грабријан Д. (1986) *Македонска куќа или преод од стара ориенталска во современа европска куќа*, Мисла, Скопје, монографија.
[6] Кировска И. (1999) *Смислата на декорацијата во македонското градителство од 19 век*, Републички завод за заштита на спомениците на културата, Скопје, монографија.
[7] Којиќ Ј. (1953-54) *Конаци и чифлик Авзи Паше у Бардовцима код Скопља*, Зборник ЗЗСК, књ.4-5, Београд, 223-240, зборник.

[8] Намичев П. (2002) *Колцето како составен дел од резбаните тавани од македонската традиционална куќа*, Зборник ЕН, бр.2, Скопје, 71-81, зборник.
[9] Ненадовиќ С. (1966) *Типови врата у народној архитектури*, Зборник ЗСК, 17, Београд, 25-50, зборник.
[10] Светиева А. (1992), *Резбани тавани, долапи и врати во Макеонија*, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје, монографија.

UDC: 72.03(497.731)”19/20”
Стручен труд

# ДЕКОРАТИВНИ МОТИВИ ВО ЕНТЕРИЕР НА ГРАДСКА КУЌА ОД 19 ВЕК ВО МАКЕДОНИЈА

**Петар Намичев[1], Екатерина Намичева[2]**

[1]Факултет за природни и технички науки,
Универзитет „Гоце Делчев”, Штип
petar.namicev@ugd.edu.mk
[2]Политехнички универзитет во Милано,
Италија, студент на постдипломски студии
kate_nami@gmail.com

**Апстракт**

Составен дел на декорацијата на куќата во Македонија од 19 век претставува примената на одредени стилизирани мотиви во обликувањето на ентериерот. Според застапеноста на одреден материјал (дрво, малтер) се добива одредена типологија на декоративните елементи, со делумна или целосна примена на дрвото или малтерот во нивната застапеност во ентериерот. Според стилот на декоративната обработка мотивите содржат геометриска, вегетабилна или зооморфна декорација. Геометриската и вегетабилната декорација се застапени на елементите кои се изработуваат од дрво (врати, тавани, мусандри, долапи и сл.), додека зооморфната се применува на одредени најизразени декорирани парчиња (колце од таван, столб, мусандра и сл.). Според техниката на изработка на декорацијата во резба се применувала овчарска, плитка и поткопана резба, додека столарската и дрводелската метода се употребувала за декорирање на таваните со елементи со форма на мозаици. Покрај разновидноста на примената на декоративните мотиви, според различноста на формата, тие оформуваат една складна декоративна целина во рамките на уредувањето на еден станбен објект.

**Клучни зборови**: *резба, таван, врата, мусандра, долап.*

# DECORATIVE MOTIFS IN THE INTERIOR OF THE TOWN HOUSE OF THE 19$^{TH}$ CENTURY IN MACEDONIA

**Petar Namicev[1], Ekaterina Namiceva[2]**
[1]Faculty of Natural and Technical Sciences,
„Goce Delcev” University, Stip, Macedonia
petar.namicev@ugd.edu.mk
[2]Master student on Architecture at Polytechnic
University of Milan, Italy
kate_nami@gmail.com

**Abstract**

An integral part of the decoration of the house in Macedonia in the 19th century is, the application of certain stylized motifs in shaping the interior. Based upon the specific material (wood, plaster) gets a certain typology of decorative elements, with partial or full use of the wood or plaster in their representation in the interior. According to the style of decorative motifs include geometric processing, vegetable and zoomorphic decoration. Vegetabe and geometric decoration representing elements that are made of wood (doors, ceilings, chests, cupboards, etc.), While zoomorphic apply to certain strongest decorated pieces (wheel of ceiling, column, cupboards, etc.). According to the technique of making the decoration carved, it was practiced shepherd, and undermined shallow carving, while carpenter and carving method was used to decorate the ceilings with elements shaped of mosaics. Despite the diversity of application of decorative motifs, according to the diversity of form, they formed a harmonious decorative purposes within the arrangement of a residential building.

**Keywords**: *carving, ceiling, doors, musandra, cupboard.*

## 1.Вовед

Покрај екстериерната фасадна декорација на градската куќа, ентериерот претставува простор каде што е застапена употребата на декоративни мотиви за естетско дооформување на просторот на објектот. Со формирање на градбата започнува обликувањето на одредени конструктивни елементи кои можат да влијаат врз надворешната декоративна обработка која подоцна има влијание врз обликувањето на ентериерот.

Селската куќа имала скромна ентериерна декорација, што се надоврзува на едноставната изведена градба на локален народен начин со примена на дрво, камен и обработена земја. Во селските населби на Западна Македонија живеалиштата ретко биле украсувани во ентериерот, освен оние кои биле користени претежно од муслиманското население, каде што одредени дрвени декорации содржеле пластична декорација во дрво, од типот на овчарска резба, и тоа на покуќнинските предмети, сандаци, лажици, соларници и сл. Притоа во градската куќа степенот на декорација е позастапен и на повисоко уметничко рамниште, што се надоврзува и на поголемата комплексност и декорација на градската куќа.

Градската куќа со застапена декорација во ентериерот претежно била користена од муслиманското население, а особено при крајот на 19 и почетокот на 20 век од православните семејства кои во одреден случај ги преземале објектите на користење од муслиманите. Сепак, корените и праксата на декорација на градската имотна куќа се поврзува со нејзиниот развој во рамките на ориенталната балканска архитектура, од каде што е подложена на најголемо влијание. Кај селската куќа користена од страна на муслиманското население бил застапен традиционалниот начин на украсување, со пластична декорација во дрво. Но, при крајот на 19 век традиционалниот начин на декорација го отстапува моделот на модерни форми на декорација во штуко техника (тавани, огништа и сл.)

Декорацијата на македонската куќа содржи мотиви кои се применувале за украсување на просториите на одајата, чардакот, кујната и други простории. Потребно било украсување на површините во просторот, кои требало за време на нивното користење од страна над домаќините и гостите да го презентираат целокупното економско и културно достигнување на граѓанскиот концепт на културата на живеење. Покрај традиционалните занаетчиско-уметнички техники кои се развивале низ неколку генерации на уметници-занаетчии се применувале и современи техники на изработка, со нови начини на обликување или подоцна во почетокот на 20 век, просториите се ослободуваат од прекумерната декорација и се опремуваат со подвижни парчиња на мебел, кои влегуваат во категоријата на индустриски производи.

## 2. Поединечни елементи со карактеристична декорација во ентериерот

Внатрешното уредување на градската куќа од 19 век го содржи концептот на вградени елементи од ентериерот, кои се во функција на складирање на предметите од домаќинството. Вградените елементи се мусандрите, долапите, вратите, таваните, одредени елементи на огништата

и други вградени украсни полици. Вообичаена била праксата на групирање на одредени елементи поради складноста на нивната конструкција, функционалност и економичност во искористување на просторот. На тој начин се вградувани елементи на мусандрите, долапите, украсните отвори (*чичеклак*), вратите и декоративните лајсни во една конструктивно естетска целина. Притоа се формирани одредени заеднички просторни содржини т.н. *батерии* на една страна од просторијата по целата должина. Примената на мотивите на декорација биле усогласени кај сите елементи, со потенцирање на одредени централни позиции на отворите, со што се добивала компактна уметничка композиција.

## 2.1. Декоративни мотиви

Мотивите кои се применуваат во декорацијата на македонската куќа од 19 век имаат одредена терминолошка методологија, која е воспоставена од страна на занаетчиите кои ги изработувале елементите за вградување. Тие воспоставиле одредени модели на шаблони каде што создавале одредена креативна композиција, кои содржеле одредени мотиви од стилизирани елементи со геометриски и вегетабилни мотиви, а зооморфните ретко се применувале. Мотивите имале одредени практикувани шаблони кои се пренесувале низ неколку генерации на резбари и декоратери - занаетчии.

Во конструктивната изработката на подвижните крила од *мусандрите, долапите и вратите* се користеле геометриски мотиви на неколку начини:

1. Со едноставна правоаголна форма, која произлегувала од конструктивниот систем на форма на рамка со вклопени елементи со системот на перо и жлеб, со профилирани рабови.
2. Со геометриски обликувани елементи и различна структура на комбинации од геометриски форми, со најголем интензитет на челните полиња на подвижните крила. Распоредот на правоаголните полиња, нивна мултипликација и комбинација со други форми под одреден агол, ја формира завршната композиција со запазување на симетријата. Симетријата на полицата е применета и според однос на целосната композиција на сите полиња во една завршна рамка.
3. Со примена на одредена декорација со мотиви од геометриски елементи кои се поставуваат на одредени делови во симетрична композиција, во однос на рамката. Овие елементи имаат поскромна содржина и едноставни конструктивни врски.

*Таваните* претставуваат површини каде што се применувани најголем број елементи и комбинирани мотиви во една сложена

композиција. Најчесто се декорирани со правилни геометриски полиња, а поретко со заоблени линии, но во завршната композиција формираат симетричен распоред. Во зависност од замислената композиција се поставуваат аголници на сите четири ќошиња, додека средишниот дел е исполнет со кружна или полигонална форма, каде што во централниот дел се поставува *колце* (*розета*) со кружна или полигонална форма. Изборот на материјалот влијае врз начинот и нивото на примена на декоративните мотиви. Дрвото како основен материјал се користи за претходна подготовка на елементите кои дополнително се вградуваат, на одредени полиња, делумно покрај малтерисани површини или целосно ја покриваат површината на таванот со дрвени елементи. Кога се применува штуко - декорација изостанува подготовката на дрвените елементи, но декоративноста се постигнува со нанесување на повеќеслојна декорација, со симетрична завршена композиција.

Според формата и конструкцијата на таваните одредуваме класификација во рамни, високи и засводени, додека според употребениот материјал, дрвени малтерисани и комбинирани (Светиева, 1992). Високите и засводени тавани, во неколку нивоа, имале најсложена технологија на изработка и поставување во просторијата.

*Вратите* имаат подвижни украсни крила, кои се поставени поединечно или во состав на други ентериерни елементи. Рамката на вратата често на горната страна содржи вграден украсен елемент со закривени линии, со дрвена профилација, како влијание од муслиманската куќа од истиот период (Дебар, Тетово, Гостивар). Крилото на вратата од надворешната страна е составено од елементи кои користат шема на вклопени геометриски декорирани дрвени парчиња, во една целина. Централните делови од украсените надворешни површини можат да бидат изведени во резба со вегетабилни или геометриски површини.



***Слика 1.* Изглед на колце (розета) од таван со вегетабилни мотиви од Дебар, Гостивар, Скопје, 19 век**
***Figure 1.* View of a wheel (*rosette*) from the ceiling with vegetable motifs from Debar, Gostivar, Skopje, 19th century**

Во однос на моделот на применета декорација во ентериерот, каде што се применува разновидна декорација, можат да се издвојат типолошки одредени мотиви:

**Геометриски мотиви**

Геометриските мотиви се најзастапени во декорацијата на ентериерот на македонската куќа. Изборот на мотивите се приспособува на својствата за обработката на дрвото, кое како материјал е приспособено за обработка во права линија и можност за дополнителна обработка. Геометриските мотиви преку дрвото можат да се стилизираат во различна големина и на различен конструктивен начин да се поврзуваат. Геометризмот се нагласува со примена на повеќеслојна профилација на дрвените елементи кои се складно вклопени во финалната композиција. Притоа со повеќеслојна обработка на челните површини и меѓусебна комбинација на различни геометриски форми во различен состав, се добиваат креативни површини со примената на стандардни мотиви. Од геометриските мотиви се применуваат правоаголниците, многуаголните форми, триаголни, ѕвездести форми, форми со закривени линии и слични правилни геометриски форми, сегменти од кружница, ромбовидни форми, крстовидни форми, цик-цак мотиви, брановидни линии и сл.

**Вегетабилни мотиви**

Мотивите кои содржат стилизирани вегетабилни елементи се застапени во поголема мерка кај елементите во дрво изработени во резба. Примената на вегетабилните елементи се преземени од опкружувањето,

најчесто од винова лоза, листови, гроздаци, цветови, трендафили и други растенија, кои се карактеристични за одреден регион. Овие мотиви директно преземени од природата претставуваат логичен зафат на занаетчиите кои ја споиле структурата на материјалот (дрвото, земјата, каменот), со одредени естетско обликувани природни сегменти.

Овие мотиви биле пренесувани во рамките на Балканот и регионите од медитеранскиот појас, каде што се негувала и пренесувала одредена симболика на декоративни елементи. Во оваа група спаѓаат цветните стилизирани мотиви, листови, гранки, плодови и сл.

**Зооморфни мотиви**

Зооморфните елементи ги среќаваме најчесто на одредени резбани парчиња и се сметале за елементи кои содржеле високи естетски вредности. Најчесто се применувале мотиви на птици (гулаби, орел и сл.), а поретко на други животни (мечка, волк, змија и сл.).





***Слика 2.* Изглед на колце (розета) изработено во резба со зооморфни мотиви од Кратово, Дебар, 19 век**
***Figure 2.* View of a wheel (*rosette*) from the ceiling, made carved with zoomorphic motifs from Kratovo, Debar, 19th century**

Покрај наведените мотиви од декорацијата се применувале антропоморфни форми (соларен

мотив, окото како стилизирана форма и сл.), форми со асоцијација на архитектонско-градежни форми кои се преземаат со директно копирање во функција на украсување, форми кои стилизирано презентираат

определена форма од фантастиката каде се комбинираат погоре споменатите елементи и други слободни форми (стилизирани фризови, венци, спирали и сл.), стилизирани форми на предмети (вазни, медалјони, пехари) кои се вметнувале во декоративната композиција и сл.

Мотивите кои се применуваат на рамките на рабниот дел од композицијата или како посебни фризови на декоративната композиција се создадени од комбинација на погоре споменатите мотиви. Тие формираат слободни форми добиени со комбинирање на одредени спирали, венци или розети каде геометриските, зооморфните и вегетабилните мотиви се комбинирани за добивање на одредена автентична декоративна линија.

Применетите системи на комбинирање на декоративните елементи покажуваат од една страна голема разновидност на мотивите кои се систематизирани во одредени модели, со текот на нивната примена низ повеќе генерации на декоратери, додека од друга страна ја негувале тенденција кон приспособување на одредени застапени форми во рамките на Балканот, соседните региони и под влијание на најприсутните уметнички школи.

Според тоа, поливалентноста и повеќезначајноста на еден елемент може да се толкува од аспект на припаѓање кон повеќе групи на модели истовремено (геометриски, вегетабилен и сл.), што го зголемува значењето на мотивот, како автохтон локален инвентивен уметнички детаљ.

**3. Видови на техники**

Според применетата техника и сложеноста на методот на изработка на декоративните елементи во дрво или малтерот се применува различна техника на изработка.

Според примената на резбарската техника или столарскиот начин на поврзување, разликуваме неколку основни техники кои се применувале и станале традиционални:

*Овчарска резба* е застапена кај селската куќа со мотиви на геометриски форми, на вградени или покуќнински предмети од ентериерот. Изработката е со едноставно засекување со нож или длето, кои поретко се боени.

*Плитка резба* е најчесто применувана, како логично продолжение на овчарската резба, и е застапена на сите елементи во ентериерот – таваните, вратите, долапите и сл. Декоративната линија се движи од употребата на правата линија и стилизација на елементите која води кон реалната форма. Техничката реализација се изведува со длето (рамно, заоблено и сл.) и чук (токмак), а најповеќе се користи за изработка на вратите и долапите.

*Поткопана резба* се применува на елементи на кои им се посветува посебно внимание, како највисок уметничко-занаетчиски детаљ од резбарските техники. Одреден декоративен мотив се поткопува од сите страни, во тридимензионална форма, на цврста подлога. За поткопаната резба се користат термините длабока, тенка, празна и сл. За нејзина изработка се користат покрај стандардните длета и со подолг врв со заоблена форма, поради длабочината и поставување на втора линија на резба.

Составување на елементи *со техника на комбинирање на мозаични форми* претставува поретко користена техника на изведба на таванската декорација. Овој начин не е дел од резбарските традиционални техники, туку се применувала во одреден период под влијание на ориенталниот начин на декорација, каде што се декорирале поголеми површини. Покрај класичниот резбарски се користел и столарскиот алат и техника на изработка, со голем број на геометриски форми кои биле склопени во сложена декоративна композиција, со системот на перо и жлеб.



***Слика 3.* Изглед на тавани изработени во резба од Дебар, Скопје, Кратово, 19 век**
***Figure 3.* View of a carved ceilings made from Debar, Skopje and Kratovo, 19th century**

За изработка на парчињата во резба се користеле неколку типови на дрво: ореово, липово, бор, бука, овошни дрва, чам, крушово, липово, костен и сл. Најквалитетен дел е срцевината на стеблото. Постоела посебна техника на сушење на дрвото, кое се одредувало во однос на дебелината на парчето, односно за секој сантиметар се сушел по една година.

Како посебна техника претставува употребата на *врзни средства на малтер или гипс*, односно нанесување на одредени декоративни елементи, кои се изработувале на местото на вградување или со претходно подготвени калапи. Оваа техника се појавува при крајот на 19 век и почетокот на 20 век,

во Битола, Скопје, Струга и др. Оваа техника се изработувала со слободно обликување на мотивите и орнаментите, со следење на карактеристиките на длабоката резба.

**4. Подвижна опрема во ентериерот**

Покрај вградените елементи во ентериерот се користат подвижни елементи, софа (синија), кревет, ковчег, столови со маси, водник и сл. Синијата претставувала метална тава (демир), додека софрата се изработува од дрво, со кружна форма и најчесто без додатна декорација, која би можела да се вклопи во веќе воспоставената типологија на мотивите. Креветот во ентериерот, како и столовите со масата како дел од трпезаријата се елементи кои се внесени под европско влијание, во периодот на почетокот на 20 век и не содржат локални изработени елементи, односно мотиви кои би можеле да се вклопат во декоративната сфера на мотивите во куќата. Ковчезите (сандак, касела) имале правоаголна форма со засебна конструкција на капакот, со полукружна завршна форма. Ковчезите биле изработувани од страна на специјализирани занаетчии, кои со текот на времето сѐ помалку внесувале декоративни мотиви на надворешната површина. Декоративните мотиви се поставени на надворешната површина со примена на  едноставни геометриски симетрични линии, со динамични премази и примена на различни облоги (фурнир, платно, кожа и сл.). Од внатрешната страна се поставувала облога од платно, со одреден дезен на текстилната обработка, кое било прицврстено за конструкцијата. Повремено на некои примероци се применувала резбата и инкрустрацијата, полихромната декорација, со поретко имплементирани  цртежи со стилизирани мотиви. Декорацијата се нанесувала на челните и страничните површини, на капакот (Скопје, Охрид, Битола, Дебар, Тетово, Гостивар). За разлика од селскиот ковчег, во градовите декорацијата е минимизирана, заради влијанието на модерните покуќнински  предмети кои се импортирале од Европа. Се применувале едноставни геометриски мотиви, правоаголни, аголници, кругови, ознаки со иницијали на сопственикот и годината на изработка, повремено имало и зооморфни мотиви. Мангалот бил поставуван во средината на одајата, во функција за греење, со форма која била стандардна во примената на геометриски линии. Овој елемент  пренесен од муслиманската куќа, со основна конструкција од дрво, бил вметнат бакарен сад за одржување на жарот од огнот. Дрвените конструктивни елементи како ексклузивните примероци од богатите куќи биле декорирани или со вградени парчиња од резба на горната страна.



***Слика 4.* Декоративна шема на елемент во резба од Димитри Јанков, резбар од Охрид**
***Figure 4.* Decorative pattern element in carving from Dimitri Jankov, an engraver from Ohrid**

**5. Вклопеност на сите елементи во една стилска целина**

Композицијата на мотивите кои се применуваат во една просторна целина може да се дефинира според структурата на применетите модели. Кај таваните применувани се геометриски орнаментални мотиви со прави или криви линии, како и вегетабилни мотиви. Според застапеноста на споменатите мотиви се формира оригинално решение на композицијата, која со текот на времето и нејзина примена на повеќе објекти, добила значење на декоративен препознатлив модел за одреден регион, град, или се поврзувало со стилско-декоративните методи и стил на една тајфа на специјализирани декоратери или резбари. Според овие согледувања од реализираните истражувања можеме да констатираме препознатливост на декоративната структура на одреден регион, со одредени стилско-декоративни елементи, каде што доминира примената на модел и декоративна структура, со застапен начин на примена на дрвените елементи и нивна обработка. Пример претставува примената на соларната радијално поставена кружна форма со краци во средишниот дел на таванот, карактеристична за куќите од Дебар, Охрид, Тетово и др. Притоа одредени мотиви од таваните и декоративен концепт се пренесува и на обликувањето на мусандрите, вратите и други елементи од ентериерот. Додека примената на моделот на доминација на примена на мотиви со геометриски форми на елементи со мозаичен начин на поставување, кое води потекло од исламскиот декоративен модел е карактеристичен за

декорацијата на таваните на одаите од кратовската куќа, како и куќите во Битола, Охрид, Скопје и др. Овој начин на декоративен модел од таванот се употребува во одаите на крилата од мусандрите, долапите, внатрешните врати и други елементи каде што е возможно примената на овој декоративен модел со прилагодување кон конструкцијата на елементот.

Кај таваните се применува одреден модел кој може како една стилска композиција да се категоризира во одреден типолошки издвоен декоративен модел, како радијална композиција на поставување на елементите, со примена на одредена геометриска форма со растер во централната корисна површина, доминација на централен мотив со интензивна декорација во резба и сл. Токму специфичниот стил на примена на споменатите декоративни модели се поврзува со одредена тајфа или регион, град или област, што подоцна станало препознатлива декоративна линија за одредена куќа од градска средина, а тоа се припишувало на етничките карактеристики на населението. Притоа, со развојот на просторноста и декорацијата на куќата од 19 век со формирањето на нов имотен слој од граѓани, се занемарила декорацијата во резба, а умерената декорација со европско влијание се интензивирала. Притоа доминирале покрупни форми на мотиви, интензивирање на формата на преплетите во декоративните мотиви, со зголемување на полихромното боење на резбата или подлогата, односно ставање на втор план на уметничките вредности на резбата, како автохтон уметнички израз. Во почетокот на 20 век сосема се минимизира декорацијата на ентериерот, се внесуваат готови индустријализирани предмети од модерниот начин на опремувањето на станбениот ентериер од европските градови. Мотивите се приспособиле со една линија каде што локалните доминирале со најголема густина и повторување, а во одредени случаи со одредени отстапки од локалните *варијантни* решенија.

## Заклучок

Според досегашната анализа на одредување на декоративна рамка на мотивите на ентериерот на македонската куќа можеме да констатираме постоење на слична структура на моделите на куќи со другите балкански народи, во рамките на Османлиското Царство од 19 век. Постоењето на стилски карактеристики на декорацијата со оригинален пристап создаваат автентична структурирана форма на модел во рамките на пластично-естетското балканско творештво. Примената на вегетабилни мотиви како автентична творба на модел кој ја користеле резбарите од *дебарската школа* е во најголема мерка уметничко-регионална творба, која претходно не била застапена во ориенталната-медитеранска декорација која имала апстрактен пристап при одредувањето на структурата на мотивите.

Дебарската резба содржи динамична пластична структура со примена на графички елементи на ликовни претстави. Овој автохтон елемент на декорација е најизразен кај градската куќа во Дебар, Тетово, Скопје, додека поедноставување на вегетабилните мотиви е карактеристично за куќата од Охрид. Застапена била интензивна пластична декорација на ентериерот на велешката куќа од крајот на 19 век, со сликарска декорација на ѕидовите, што претставува резултат на интензивното влијание од европски форми на украсување во ентериерот.

Пластичната декорација на резбата во ентериерот на македонската куќа има заеднички ориентални влијанија со творештвото застапеноста на внатрешната декорација на балканските куќи (Босна, Бугарија, Грција), кога говориме за идејниот концепт и начинот на ликовно третирање на структурата на елементите. Целокупното декоративно творештво чии елементи се применети во ентериерот на градската куќа, особено со технологијата на изработка на резбата, како интензивен декоративен елемент, имаат голем степен на инвентивност во изборот и декоративната композиција како посебно оригинално дело со уметнички вредности.

**Користена литература:**

[1] Волињец Р. (1979) *Ентериерот во старата македонска куќа*, Зборник АФ, „Св. Кирил и Методиј", 3, Скопје, 76-105, зборник.
[2] Вољињец Р, Алексиевска Ј. (1983) *Функционално - обликовната концепција во архитектурата во старата тетовска куќа*, Зборник на АФ, бр.6, Скопје, зборник.
[3] Кировска И. (1999) *Смислата на декорацијата во македонското градителство од 19 век*, Републички Завод за заштита на спомениците на, Скопје, монографија.
[4] Круниќ Ј. (1953-54) *Конаци и чифлик Авзи Паше у Бардовцима код Скопља*, Зборник ЗЗСК, књ.4-5, Београд, 223-240, зборник.
[5] Krunic J (1957), *Smestaj, razvoj oblika i osnove bitoljske kuce pri konci turske vladavine*, Zbornik Arhitektonskog fakulteta u Beogradu, III, Beograd, зборник.
[6] Намичев П. (1998) *Резбата во македонската куќа од 19-от и почетокот на 20-от век*, Музеј на Македонија, Скопје, монографија.
[7] Намичев П. (2002) *Колцето како составен дел од резбаните тавани од македонската традиционална куќа*, Зборник ЕН, бр.2, Скопје, 71-81, зборник.
[8] Намичев П. (2013), *Резбарот Димитри Јанков од Охрид*, Патримониум, 11, Скопје, зборник.

[9] Кожухаров Г. (1967) *Българската къща през пет столетия края на XIV - края на век XIX*, София, монографија.
[10] Светиева А. (1992) *Резбани тавани, долапи и врати во Македонија*, Институт за фолклор Марко Цепенков, Скопје, монографија.